РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
ТУРСКИ ТЕАТАР
Бр. 04-215/2
05.09. 2019 год.
СКОПЈЕ

Национална Установа ТУРСКИ ТЕАТАР - СКОПЈЕ
Milli Kurum TÜRK TİYATROSU - ÜSKÜP
National Institution TURKISH THEATRE - SKOPJE

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници (Службен весник на РМ бр.27/2014,199/2014,48/2015,154/2015,05/2016,142/2016 и 11/2018) и член 12 став 2 алинеја 18 од Статутот на Националната установа Турски театар Скопје, в.д.директорот на ден 05.09.2019 година ја донесе следната

# ОДЛУКА

за избор на кандидат за административен службеник

1.За работното место Соработник за административни општи и правни работи, се избира кандидатот **ФЕКРИЕ ОРАНА**.
2.Именуваната ќе биде вработена на горенаведеното работно место по конечноста на оваа Одлука, за што ќе се донесе посебно Решение за вработување.
3.Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на објавениот Јавен оглас бр.96/2019 на 18.07.2019 година во дневните весници „Нова Македонија", „Слободен печат" и „Коха", Комисијата за селекција за вработување при Агенцијата за администрација спроведе постапка за административна селекција на административен службеник бр.10-1214/5, постапка за спроведување на испит за административен службеник бр.10-1214/6 од 02.009.2019 г. и постапка за проверка на веродостојноста на докази и интервју за административен службеник бр.10-1214/7 од 04.09.2019 г. за работното место Соработник за административни општи и правни работи.
По спроведената постапка за проверка на веродостојност на доказите, интервјуто и извршеното бодирање, Комисијата за селекција за вработување изготви Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција и Предлог за вработување на кандидати бр.10-1214/8 од 04.09.2019 г. врз основа на кој в.д.директорот на НУ Турски театар Скопје одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА**:Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата.

Доставено до:
-Одделението за административни, општи и правни работи
-Агенција за администрација на РМ
-Именуваната

в.д.директор
НУ Турски театар Скопје
Несрин Таир

ul Nikola Martinovski 41, 1 000 Skopje, Makedonija >https://m.facebook.com/uskupturktiyatrosu
e-mail turskiteatar@t.mk/http://turskiteatar.mk>Tel/fax:389 02 32 96 581